Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 94, 7 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научна област економски развој на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научното поле/област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент за научната област фитопатологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 30

**РЕФЕРАТ** за збор на наставник од наставно-научната област метода на анализа на структура и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси" на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 35

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент (специјалист) за наставно-научната област ортопедија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Реконструирање на рудниците за олово и цинк во Косово" од кандидатот м-р Ферат Шаља, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 43

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Трудово право" (скрипта) од авторите доцент д-р Андон Мајхошев и доцент д-р Војо Беловски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 47

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Сензорна и аналитичка евалуација на вино" од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 51

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија" на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓоргева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 55

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија" на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓоргева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Производство, преработка и обработка на месо" од проф. д-р Ацо Кузелов, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 59

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 62

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ / АСИСТЕНТ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОПЕДИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Врз основа на чл. 132 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр.35/08, 103/08 и бр. 26/09, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), а согласно со член 32, став 1, според Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, по завршување на рокот за пријавување на кандидати на Конкурсот за избор на ***помлад асистент/асистент специјалист*** (двајца извршители) за научната област ***ортопедија*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 6.7.2012 год. Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на седницата одржана на 10.8.2012 година, ја донесе следнава одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав:

– проф д-р Ѓорѓи Зафировски,
– проф. д-р Глигор Цолев,
– проф д-р Василчо Спиров.

Врз основа на пријавата и доставенета документација, како и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм", на 6.7.2012 година, се пријавија двајца кандидати и тоа:

– **д-р Мирјана Рунчева** - вработена при ЈЗУ Општа болница – Штип;
– **д-р Сашо Ценов** - вработен при ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

***Биографски податоци, научно-наставна и научно-стручна дејност за д-р Мирјана Рунчева***

**Д-р Мирјана Рунчева** е родена на 7 ноември 1972 година во Штип. Основно и гимназиско образование завршува во Штип. Дипломира на 30 јуни 1997 година на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со средна оценка 8,72, со што се стекнува со стручниот назив дипломиран доктор на медицина.

Од 1998 до 1999 година работи како општ лекар во ПЗО „Д-р Златко Стојменски", а веќе од февруари 2000 година е вработена при ЈЗУ Општа болница – Штип, како доктор по општа медицина на Одделот за итна медицинска помош со домашно лекување. Во октомври 2004 година ја започнува специјализацијата по ортопедија со трауматологија, а специјалистичкиот испит го положува на 30 октомври 2008 година.

Активно се служи со француски јазик. Има познавање во работата со компјутери (WORD, EXCEL, INTERNET, POWER POINT).

***Д-р Мирјана Рунчева има континуирана медицинска едукација и тоа:***

1. Метод Понсети во Сончев брег во Р.Бугарија (2006);
2. Трет ортопедски конгрес со интернационално учество, Охрид, 2009;
3. Трета школа за остеопороза (Прашајте го експертот), Охрид, 2010;
4. Балканска конференција за артроскопија, спортска трауматологија и спортска медицина – Сандански, Р. Бугарија, 2010;
5. AO Trauma Kurs - Belgrad (17-21.9.2010);
6. Annual Meeting of Young Endocrinologyst-Duesseldorf, 2010;

7. Четврта школа за остеопороза (Маврово, 2011);
8. EPOS-EFFORT Instructional Course Basic I (Vienna, Austria 18-20.05.2011);
9. Salzburg Weill Cornell Seminar in Trauma and Emergency Surgery( 15-21 januari 2012);
10. Bulgarian - Macedonian Pediatric Hip Joint Ultrasound Symposium (9-11.03.2012).

***Активна работа во научноистражувачка област, каде што ги има објавено следниве трудови:***

1. Treatment of patients with ”high grade” extremity localized chondrosarcoma. Preliminary results M.Samardziski, G.Zafiroski, C.Tolevska.M.Kalicanin-Markovska, D.Doncovska,V. Anevska,M.Runceva Radiol.Oncol 2009;43(3)187-194

Во периодот од 2000 до 2006 г., 18 пациенти со хондросаркоми беа третирани на Ортопедската клиника во Скопје. Лекувањето се состоеше од радикална ресекција на туморот или ампутација на екстремитетот. Кај шест пациенти е изведена операција со спасување на екстремитетот. Со неоадјувантна хемотерапија се третирани шест пациенти. Двајца пациенти имаа пет год. преживување.

2. Talar neck fracture associated with subtalar dislocation M.Runceva, L.Kirov, S.Cenov, M.Stefanovska Kniga na abstrakti.Tret Kongres na Makedonskoto dru{tvo na ortopedi i traumatolozi, 2009, Ohrid. P.173

Авторите опишуваат 31-годишен пациент со фрактура на вратот на талусот, асоциран со субталарна дислокација. Најпрвин се направила некрвава репозиција и имобилизација, а потоа оперативна интервенција и остеосинтеза за да се превенира аваскуларна некроза поради нарушената циркулација. По спроведената физикална терапија постигнат е добар резултат.

3. Osteoblastoma-case report E.Xidrova, M.Runceva, S.Gacova, N. Aleksova, S. Bagasova Kniga na abstrakti.Kongres na radiolozi na Srbija,2011, Zlatibor,PS 07/10

Авторите опишуваат 13-годишен пациент со парестезии на левиот долен екстремитет, болки во грбот и отежнато одење. Радиографиите покажале експанзивна лезија на процесус трансверзус на првиот лумбален прешлен од левата страна со назначена остеобластна минерализација на туморот. КТ покажала експанзивна лезија со склеротичен раб и стеноза на спиналниот канал. По отстранувањето на туморот повеќе од пет год. нема локален рецидив.

4. Артроскопија како дијагностичка и оперативна метода на коленото - 10-годишно искуство Киров Л., Ценов С.,Пуздерлиски П., Шишков З., Рунчева М.Киров А., Илиев М., Џолев Г. Балкански конгрес по артроскопија, спортска трауматологија и колена хирургија, Охрид, 2011. Книга на апстракти, стр. 26.

Во периодот од 2001 до 2010 г. на ортопедското одделение во Штип, авторите направиле 295 артроскопии, од кои 184 оперативни. Најчесто се изведувани менисцектомии, хондректомии, слободни зглобни тела и ресекција на плики.

Искуството од 10 години покажало голема улога на артроскопијата како метода за прецизна непосредна дијагноза на коленото, со големи можности на различни ефикасни третмани.

***Биографски податоци, научно-наставна и научно-стручна дејност за д-р Сашо Ценов***

**Д-р Сашо Ценов** е роден на 11 април 1961 година. Дипломира на Медицинскиот факултет во Скопје во 1989 год., со просечна оценка од 7,54. Во 1995 година се запишува на специјализација по ортопедија, а во 1999 година се здобива со звање специјалист по ортопедија. Од 1999 година работи како лекар во ЈЗУ Општа болница – Штип. Од јули 2012 година е раководител на Одделот за ортопедија и ревматологија во ЈЗУ Клиничка болница - Штип. Во текот на своето работно искуство бил член на Првостепена комисија на ФЗОМ (2008-2012), како и член на Комисија за одредување мобилност кај инвалидизирани лица при Министерството за труд и социјала.

Има познавање на англиски јазик, како и работа со компјутери (MS OFFICE, MACROMEDIA, internet).

***Кандидатот активно учествува во континуирана медицинска едукација:***

- Курс по артроскопија на колено во Клинички центар Љубљана – Р Словенија, 2002.
- ISFR (international society of fracture repair) - Bologna, Italy, 2004.
- Втора школа за остеопороза 2009.
- Трета школа за остеопороза 2010.
- Интернационално друштво за клиничка дензитометрија ИСЦД 2011.
- Бугарско-македонски симпозиум за ултразвук на детски колк 2012.

***Кандидатот има активна работа во научноистражувачка област, каде што ги има објавено следниве трудови:***

1. Артроскопија како дијагностичка и оперативна метода на коленото-10-годишно искуство Киров Л., Ценов С.,Пуздерлиски П., Шишков З., Рунчева М.Киров А., Илиев М., Џолев Г.

Балкански конгрес по артроскопија, спортска трауматологија и колена хирургија, Охрид, 2011. Книга на апстракти, стр. 26.

Во периодот од 2001 до 2010 г. на Ортопедското одделение во Штип, авторите направиле 295 артроскопии, од кои 184 оперативни. Најчесто се изведувани менисцектомии, хондректомии, слободни зглобни тела и ресекција на плики.

Искуството од десет години покажало голема улога на артроскопијата, како метода за прецизна непосредна дијагноза на коленото, со големи можности на различни ефикасни третмани.

2. Talar neck fracture associated with subtalar dislocation M.Runceva, L.Kirov, S.Cenov, M.Stefanovska

Книга на апстракти.Трет конгрес на Македонското друштво на ортопеди и трауматолози, 2009, Охрид. П.173.

Авторите опишуваат 31-годишен пациент со фрактура на вратот на талусот асоциран со субталарна дислокација. Најпрвин се направила некрвава репозиција и имобилизација, а потоа оперативна интервенција и остеосинтеза за да се превенира аваскуларна некроза поради нарушената циркулација. По спроведената физикална терапија е постигнат добар резултат.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Комисијата го констатира следново: **д-р Мирјана Рунчева** ги исполнуваа општите условите за соработничко звање асистент.

Според Правилникот за единствените критериуми за избор на наставни, наставно-научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, според чл. 16 од Правилникот, став 2, кандидатот **д-р Сашо Ценов** не ги исполнува критериумите за избор во соработничко звање асистент од областа ортопедија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Земајќи ги предвид сите овие факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, **кандидатката д-р Мирјана Рунчева да ја избере во соработничко звање асистент од областа на ортопедија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ѓорѓи Зафировски, с.р.**
**Проф. д-р Глигор Џолев, с.р.**
**Проф. д-р Василчо Спиров, с.р.**

**Табела за бодирање на активностите за д-р Мирјана Рунчева**

| Реден број | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 4 | 0.5 | | 2 | 2 |
| **2.** | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | Број на часови по 0.2 поени за секоја учебна година | | | | 2 |

| Реден број | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **3.** | Труд со оргинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | | 9/6/3 | 1 | 6 | 6 |
| **4.** | Труд со оргинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 1 | 1 | | 2 | 1 |
| **5.** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 2 | 2 | | 4 | 4 |
| **6.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 1 | 1/1.5 | 1 | 1.5/2 | 2.5 |
| **7.** | Раководител на научен проект | 1 | 4 | | 6 | 4 |
| **8.** | Студиски престој во странство | 8 (еднократно) | | | | 8 |
| **9.** | Вкупно | | | | | 29.5 |